Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 16**

**18.11.2019**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Согласност за делење на комбинирана паралелка во одделенска настава од прво до петто одделение и формирање на 2 (две) паралелки најмногу со 10 ученици**

1.Ја објавувам Согласноста за делење на комбинирана паралелка во одделенска настава од прво до петто одделение и формирање на 2 (две) паралелки најмногу со 10 ученици донесена на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/1 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 53 став 8, став 9 и став 10 од Законот за основно образование (,,Службен весник на РСМ,, бр. 161/2019 година ) и согласно член 43 точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09,16/13,18/14 год.) Советот на општина Демир Хисар дава

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за делење на комбинирана паралелка во одделенска настава од прво до петто одделение и формирање на 2 (две) паралелки најмногу со 10 ученици**

1.На **ООУ„Гоце Делчев„Демир Хисар ПУ с.Вардино** му се дава согласност за делење на комбинираната паралелка од прво до петто одделение на 2 (две) паралелки најмногу со 10 ученици **за учебната 2019/2020 година.**

2.Делењето на комбинираната паралелка од прво до петто одделение на две паралелки нема да предизвика барање на нови финансиски средства, односно вработување на нов одделенски наставник.
Се работи за старо финансисрање за кое се обезбедени финансиски средства, згрижување на одделенски наставник вработен во ПУ с.Стругово на неопределено работно време со полно работно време, кое заради отпишување на ученици престанува со работа.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на доставеното барање од ООУ,,Гоце Делчев,, Демир Хисар број 03- 415/2 од 06.11.2019 година до Советот на општина Демир Хисар, согласно член 53 став 8, став 9, и став 10 од Законот за основно образование („Сл. Весник на РСМ“ бр.161/2019) се одлучи да се даде горенаведената согласност за делење на комбинираната паралелка од прво до петто одделение во ПУ с.Вардино и формирање на две паралелки со помал број на ученици.

Бр. 17- 1006/3 Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2020 година**

1.Го објавувам Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2020 година донесен на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/2 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Сл. весник на РМ“ бр.4/2008), а согласно член 43, став 1, точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 13.11.2019 година, донесе

***ПЛАН ЗА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ***
***На Општина Демир Хисар за 2020 година***

Согледувајќи ги потребите на граѓаните, а поаѓајќи од целта за подобрување на квалитетот на животот на територијата на Општина Демир Хисар, ценејќи ги општите текови и особено потребата од развој во натамошниот период во областите од економскиот развој и комуналното уредување, Општина Демир Хисар особено ќе развива планови и програми и тоа:

**1. Развојна програма- Линиска инфраструктурна градба**
**"ОПШТИНСКИ ПАТ, ВРСКА с. ГРАИШТЕ ДО МАНАСТИР „Св. ТОМА“,**
**КРАК ПАТ с.ВАРДИНО ДО МАНАСТИР „Св. ТОМА“**

Со оваа развојна програма предвидено е да се изгради општински пат, врска с.Граиште до Манастир „Св. Тома“, крак пат с.Вардино до Манастир „Св. Тома“.

Изградбата на општинскиот пат ќе се реализира согласно изработената и ревидирана техничка документација- основен проект во 2018 година.

Согласно основниот проект вкупната должина на општинскиот пат е 1902,71 $м^1$, а вредноста на работите изнесува 9.162.017,00 денари без ДДВ 18%. Со реализација на развојната програма ќе се придонесе кон подобрување на условите за развој на алтернативниот туризам.

Оваа развојна програма се однесува за 2020 година. Со изградбата ќе се започне во март 2020 година.

Не постои ризик за реализација на проектот. Трасата на општинскиот пат поминува низ земјиште кое е во сопственост на Република Северна Македонија и мал дел кој е во сопственост на физички лица. За основниот проект издадено е одобрение за градење.

Датум на завршување на проектот е 31.08.2020 година.

Се планира вкупната вредност на оваа развојна програма да изнесува 10.811.180,00 денари со ДДВ 18%.

За реализација на оваа развојна програма ќе се користат средства во износ од 9.162.017,00 денари од Агенција за поддршка на земјоделството и руралниот развој и средства во износ од 1.649.163,00 денари од Буџетот на Општина Демир Хисар.

Овај план за развојни програми влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17- 1006/4 Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за основање на Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар донесена на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/3 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 21, член 24 и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 1 и член 9 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19), член 5 и член 9 од Законот за комуналните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18), член 18 став 1 и член 43 став 4 од Статутот на Општината Демир Хисар (“Службен гласник на Општината Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општината Демир Хисар на седницата одржана на 13.11.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за основање на Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар**

**Член 1**

Со оваа Одлука се основа Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар

Основач на Јавното претпријатие е Советот на Општината Демир Хисар.

ДЕЈНОСТ

**Член 2**

Претпријатието во рамките на својот делокруг на работа ги врши следните дејности:

49.31 Градски и приградски патнички копнен транспорт

49.39 Други патнички копнен транспорт не спомнат на друго место

52.21 Услужни дејности поврзани со копнен превоз

ФИРМА И СЕДИШТЕ

**Член 3**

Полниот назив на фирмата на Јавното Претпријатие гласи:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ДЕХИ ТРАНС“ ДЕМИР ХИСАР

Скратениот назив на фирмата ќе гласи:

ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ ДЕМИР ХИСАР(во понатамошниот текст: Јавно претпријатие)

Седиштето на Јавното претпријатие е во Демир Хисар на ул. “Битолска“ бр.8.

ИЗНОС НА СРЕДСТВАТА ЗА ОСНОВАЊЕ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

**Член 4**

Средствата за основање на Јавното претпријатие се обезбедуваат од основачот Општина Демир Хисар ќе изнесуваат 350.000,00 денари.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 5**

Јавното претпријатие во вршењето на дејност од јавен интерес се организира на начин со кој се обезбедува единственост, ефикасност и максимален успех во процесот на работењето со цел за постигнување на највисоки резултати во техничкиот, технолошкиот и економскиот развој на Општината Демир Хисар. Постигнувањето на развој и усогласеност со општиот интерес и заштита на добрата од општ интерес, преку квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услуги.

Управувањето со претпријатието, спроведувањето на одлуките на органите на управување и работењето на јавното претпријатие се врши согласно закон и Статутот на Јавното претпријатие.

**Член 6**

За извршувањето на задачите од член 5 од оваа одлука, Јавното претпријатие ќе се организира во организациони облици поблиску определени со Статутот на Јавното претпријатие.

ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 7**

Органи на Јавното претпријатие се:

Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење и директор.

**Член 8**

Надлежностите, организацијата и работата на органите на Јавното претпријатие како и другите работи од значење за делокругот на Јавното претпријатие ќе се уредат со Статутот на Јавното претпријатие.

**Член 9**

Управниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 5 (пет) члена што ги именува и разрешува Советот на Општината Демир Хисар.

Мандатот на Претседателот и членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години.

**Член 10**

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие се состои од 5 (пет) члена кои ги именува, односно разрешува Советот на Општината Демир Хисар.

Мандатот на Претседателот и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење трае 4 (четири) години.

**Член 11**

Во случај на престанок на мандатот или во случај на распуштање на Управниот одбор, или надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење тие продолжуваат да ги вршат функциите до именување на нов Управен одбор, односно Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење.

**Член 12**

Директорот на Јавното претпријатие го избира Градоначалникот на Општината Демир Хисар по пат на јавен конкурс.

**Член 13**

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на Јавното претпријатие ќе бидат регулирани со Статутот на Јавното претпријатие во согласност со закон.

ДОНЕСУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ОРГАНИ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 14**

Статутот на Јавното претпријатие го донесува Управниот одбор на Јавното претпријатие.

**Член 15**

Со Статутот на Јавното претпријатие поблиску се уредува: организацијата, управувањето и раководењето со јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивното донесување и извршување, како и други прашања од значење за јавното претпријатие.

**Член 16**

Основачот дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие.

**Член 17**

Именувањето на членови на Управниот одбор и членови на Надзорниот одбор како и донесувањето на Статутот на Јавното претпријатие ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на донесување на Одлука за основање на Јавното претпријатие.

За лице кое ќе ги врши работите на претставување на Јавното претпријатие до неговото конституирање се определува: Јовче Сиљановски самостоен референтво одделениото за управување со човечки ресурси во општинската администрација на Општина Демир Хисар.

**Член 18**

Работите околу почетокот со работа на Јавното претпријатие ќе ги координира директорот или друго овластено лице од него.

ОДГОВОРНОСТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

**Член 19**

Јавното претпријатие има својство на правно лице со своја жиро сметка, а за извршените и преземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со целокупниот имот со целосна одговорност.

**Член 20**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање на Јавно претпријатие за уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општината Демир Хисар бр.17-877/3 од 01.10.2009 година

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Демир Хисар".

Бр. 17-1006/5 Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***

**за објавување на Решение за именување на членови во Управниот одбор на Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на членови во Управниот одбор на Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар донесено на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/4 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19) и член 94 од Статутот на Општината Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општината Демир Хисар на седницата одржана на 13.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување членови во Управниот одбор на Јавно претпријатие„ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар**

1. За членови во Управниот одбор на Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар се именуваат:

- Пеце Ѓоргиевски, с. Обедник
- Игор Ристевски, с. Стругово
- Оливер Митревски, с. Загориче
- Катерина Радовска, с. Сопотница
- Ивона Николовска, с. Белче

2. Примерок од решението да се достави до именуваните и Јавното претпријатие.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“ .

Бр. 17-1006/6 Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Решение за именување на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар донесено на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/5 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19) и член 94 од Статутот на Општината Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14), Советот на Општината Демир Хисар на седницата одржана на 13.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие„ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар**

1. За членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисарсе именуваат:

- Даниела Стојковска Петревска, с. Суводол
- Катерина Бошевска, с. Слепче
- Горјанче Ѓорѓиевски, Демир Хисар
- Драганче Михајловски, Демир Хисар
- Васко Станковски, с. Единаковци

2. Примерок од решението да се достави до именуваните и Јавното претпријатие.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“ .

Бр. 17-1006/7 Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на ОДЛУКА з*а вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација***

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација на КП бр.914 КО Растојца по барање на Горан Соколовски ул.Васко Карангелески бр.38-30 Скопје донесена на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/6 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за постапување со со бесправно ираградени објекти, (Сл. Весник на РМ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 124/2015, 217/2015 и 190/2017) Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ бе. 56/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 13.11.2019 год. донесе

**ОДЛУКА**
*За вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект во идната планска документација, на КП бр. 914, КО Растојца, по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Горан Соколовски, ул.„Васко Карангелески“ 38-30, Скопје.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр. 17-1006/8 Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на ОДЛУКА з*а вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација***

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација на КП бр.782 КО Бабино по барање на Општина Демир Хисар донесена на 32 -ра седница

на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/7 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за постапување со со бесправно игради објекти, (Сл. Весник на РМ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 124/2015, 217/2015 и 190/2017) Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ бе. 56/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 13.11.2019 год. донесе

**ОДЛУКА**
*За вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден деловен објект во идната планска документација, на КП бр. 782, КО Бабино, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на Општина Демир Хисар.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр. 17-1006/9 Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на ОДЛУКА з*а***
***вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација***

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација на КП бр.479 КО Базерник по барање на Општина Демир Хисар донесена на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/8 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за постапување со со бесправно игради објекти, (Сл. Весник на РМ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 124/2015, 217/2015 и 190/2017) Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ бе. 56/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 13.11.2019 год. донесе

**ОДЛУКА**

*За вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден деловен објект во идната планска документација, на КП бр. 479, КО Базерник, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на Општина Демир Хисар.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр. 17-1006/10 Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***

**за објавување на ОДЛУКА з*а вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација***

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација на КП бр.2793 КО Жван по барање на Општина Демир Хисар донесена на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/9 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 8 од Законот за постапување со со бесправно иградени објекти, (Сл. Весник на РМ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 124/2015, 217/2015 и 190/2017) Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ бе. 56/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 13.11.2019 год. донесе

**ОДЛУКА**

*За вклопување на бесправно изградени објекти во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден станбен објект во идната планска документација, на КП бр. 2793, КО Жван, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на Општина Демир Хисар.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр. 17-1006/11Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на ОДЛУКА *за изменување и дополнување на Програмата за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2019 година***

1.Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2019 година донесена на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/10 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 20, став 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/2014 и измените на Законот), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 13.11.2019 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2019год.***

**Член 1**

По глава VIII од Програмата за донесување на урбаноистички планови за 2019год., за општина Демир Хисар, се додаваат четири нови точки, во врска со Законот за легализација на бесправно изградени објекти и тоа:

- Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект во идната планска документација, на КП бр. 914, КО Растојца, по барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект на Горан Соколовски, ул.„Васко Карангелески“ 38-30, Скопје.
- Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден деловен објект во идната планска документација, на КП бр. 782, КО Бабино, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на Општина Демир Хисар.
- Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден деловен објект во идната планска документација, на КП бр. 479, КО Базерник, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на Општина Демир Хисар.
- Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден станбен објект во идната планска документација, на КП бр. 2793, КО Жван, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на Општина Демир Хисар.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр. 17-1006/13Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Заклучокот за давање Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за давање Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар донесен на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/11 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (вСл.весник на Р.М.г бр.5/2002), член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија (вСл.весник на Р.М.г бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар /IСлужбен гласник на Општина Демир Хисарвбр.3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19/, Советот на Општина Демир Хисар на 32-ра седница одржана на 13.11.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За давање Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1. Советот на Општина Демир Хисар, дава Согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар бр.0202-315/4 од 29.10.2019 година донесена од УО на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-1006/13Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Заклучокот за усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2019 година до 30.09.2019 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2019 година до 30.09.2019 година донесен на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/12 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05,7/09,13/16, 14/18 и 10/19) , Советот на Општина Демир Хисар на 32 та седница одржана на 13.11.2019 година донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Деветмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2019 година до 30.09.2019 година

1.Се усвојува Деветмесечниот извештајот за финансиското работење на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2019 година до 30.09.2019 година година усвоен од Управен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар со Одлука бр.0202-315/3 од 29.10.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

3. По еден примерок од Заклучокот се доставува до Архива на Општина Демир Хисар и до ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

Бр. 17-1006/14 Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Решение за именување на членови во Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2020 година**

1.Го објавувам Решението за именување на членови во Комисијата за изготвување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2020 година донесено на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/13 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р**

Врз основа на член 101 и 102 од Деловникот за работа на Советот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар"бр.3/02 / Советот на општина Демир Хисар на 32-ра седницата одржана на 13.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на членови во Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2020 година**

1.Се именува Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на

општина Демир Хисар за 2020 година во состав

За претседател
Благоја Станојоски - претседател на **совет**
За членов
Марија Кочовска -советник

Христина Бојаџиева Андреска -советник

2.Комисијата има задача да изготви Предлог-Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2020 година на основа изнесените потереби.
3.Комисијата за изготвување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар е времено тело и со изготвувањето на Програмата, комисијата престанува да постои.
4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен гласник на општина Демир Хисар*.

Бр. 17-1006/15 Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈУ „Центар за социјални работи“Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар донесено на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/14 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р**

Врз основа на член183од Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019 и 146/2019 год.), член 22 став 1 точка 7 од од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 год.), а во врска со член 94 став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/2002 година), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 13.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар**

1. Од должноста член на Управниот одбор воЈУ „Центар за социјални работи“Демир Хисар поради измени во Закон за социјалната заштита се разрешува:
    - Ана Митрејчевска

2. За член на Управниот одбор во ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар се именува:
    - Даниела Карчевска, самостоен референт во општинската администрација

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

По еден примерок од Решението да се достави до:

- архивата на општината,
- Министерството за труд и социјална политика,
- ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар,
- Разрешениот член и
- Именуваниот член.

Бр. 17-1006/16 Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Одлука за формирање на општински совет за социјална заштита**

1.Ја објавувам Одлуката за формирање на општински совет за социјална заштита донесена на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/15 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р**

Врз основа на член11од Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019 и 146/2019 год.), член 22 став 1 точка 7 од од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 год.), а во врска со член 94 став 2 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/2002 година), Советот на Општина Демир Хисар, на седницата одржана на ден 13.11.2019 година ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
За формирање наопштински совет за социјална заштита

Член 1
Се формира општински совет за социјална заштита кој го сочинуваат 9 (девет) членови.

Член 2
За членови на општинскиот совет за социјална заштита се именуваат:
- Билјана Цветановска, дипломиран психолог во ЈУ „Центар за социјална работа“ Демир Хисар
- Елена Цветановска, дипломиран правник во ЈЗУ „Здравствен дом“ Демир Хисар
- Живко Бошевски, референт во Центар за вработување Демир Хисар
- Јовче Кузевски, водич на безбедносен реон во ПС-ОН Демир Хисар
- Валентина Решњак, помошник директор во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар
- Љубе Димчевски, претседател на „Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост“ Демир Хисар
- Олга Николовска, член на УО на „Мобилност“ Битола
- Иванчо Најденковски, секретар на ОО на Црвен крст Демир Хисар
- Даниела Карчевска, самостоен референт во Општина Демир Хисар

Член 3
Мандатот на членовите на општинскиот совет за социјална заштита трае 5 (пет) години со право на повторен избор.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-1006/17Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

***ЗАКЛУЧОК***
**за објавување на Решение за давање Согласност на „Фудбалската школа Демир Хисар БПЛ“ во основање да можи да го употребува името Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за давање Согласност на „Фудбалската школа Демир Хисар БПЛ" во основање да можи да го употребува името Демир Хисар донесено на 32 -ра седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 13.11.2019 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-1046/16 Општина Демир Хисар**
**18.11.2019 година Градоначалник**
**Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р**

Врз основа на член 9 точка 2 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Р. Македонија бр. 52/2010, 135/11 и 55/16) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 43 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19), разгледувајќи го Барањето бр.17-1021/1 од 12.11.2019 година Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 13.11.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање Согласност на „Фудбалската школа Демир Хисар БПЛ“ во основање да можи да го употребува името Демир Хисар

1.Се дава Согласност на **„Фудбалската школа Демир Хисар БПЛ “** во основање да може да го употребува името **Демир Хисар** во составот на името на фудбалската школа.

2.Решението влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17-1006/18 Совет на Општина Демир Хисар
13.11.2019 година Претседател
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

-------------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Согласност за поделба на паралелка и отворање на две комбинирани паралелки од I до IV во ПУ с.Вардино на ООУ „Гоце Делчев“Демир Хисар-------------------------------1
2.План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2020 година----------------------2-3
3. Одлука за основање на Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар------------------3-5
4.Решение за именување на членови во Управен одбор на Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар--------------------------------5-6
5. Решение за именување во Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење на Јавно претпријатие „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар-----------------------------------------6-7
6.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичка планска документација на КП.бр.914 КО Растојца по барање на Горан Соколовски од Скопје-----7
7.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичка планска документација на КП.бр.782 КО Бабино----8

8.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичка планска документација на КП.бр.479 КО Базерник---8-9
9.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичка планска документација на КП.бр.2793 КО Жван-----9
10.Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2019 година--------------------------------------10
11.Заклучок за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.------------11
12.Заклучок за усвојување на деветмесечен извештај за финансиско работење на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2019 година до 30.09.2019 година----12
13.Решение за именување на членови во Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот за 2020 г-----12-13
14. Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар---------------------------------13-14
15. Одлука за формирање на општински совет за социјална заштита---------14-15
16.Согласност за употребување на името Демир Хисар за регистрација на „Фудбалска школа Демир Хисар БПЛ“--15

**Општина Демир Хисар,**
**ул. Битолска б.б**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**